Врз основа на член 24 став (1) алинеа (5), а во врска со членовите 79, 80, 81 и членот 82 ставови (3) и (4) од Законот за електронски комуникации (Службен весник на Република Северна Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и 98/2019), во постапката за преиспитување на утврден релевантен пазар на производи и услуги и определување на оператор со значителна пазарна моќ на определен релевантен пазар, директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден . . 2019 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

I

Во согласност со ставот (3) од членот 82 од Законот за електронските комуникации, СЕ ОТПОВИКУВА решението број 03-5506/1 од 28.10.2010 година со кое операторот Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје, е определен за оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо - Услуга за транзитирање во јавна фиксна телефонска мрежа.

II

Во согласност со ставот (4) од членот 82 од Законот за електронски комуникации на Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје му се отповикуваат следните регулаторни обврски претходно наметнати во согласност со ставот (2) од членот 91 од Законот за електронски комуникации:

- Интерконекција и пристап,
- Транспарентност,
- Недискриминација,
- Посебно сметководство,
- Контрола на цени и обврска за сметководство на трошоци; и
- Пристап и користење на специфични мрежни средства.

III

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

IV

Одлуката е конечна.

V

По донесувањето на оваа одлука истата во рок од три дена ќе биде објавена на веб страната на АЕК

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на членовите 79, 80 и 81 од Законот за електронските комуникации, Агенцијата за електронски комуникации изврши анализа на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо, Пазар бр. 6 – Услуга за транзитирање во јавна фиксна телефонска мрежа.

Согласно членот 81 од ЗЕК – Преиспитување на утврден релевантен пазар на производи и услуги, по спроведена постапка во финалниот документ од анализата на Пазар бр. 6 – Услуга за транзитирање во јавна фиксна телефонска мрежа заведен под број 1302-244/5 од 19.04.2019 година е утврдено дека овој релевантен големопродажен пазар повеќе не го исполнува три критериум тестот, односно не се исполнети сите три критериуми кумулативно за да пазарот подлежи и понатаму на претходна (ex-ante) регулација согласно членот 80 став (2) од Законот за електронските комуникации. Според тоа, Агенцијата не спроведе постапка за анализа и утврдување на оператор со значителна пазарна моќ согласно со членот 76 ставови (1) и (2) од Законот за електронските комуникации.

Во согласност со членот 82 став (3) од Законот за електронски комуникации, операторот Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје, повеќе не се определува за оператор кој поседува значителна пазарна моќ на овој релевантен големопродажен пазар. Според членот 82 став (4) од истиот Закон се отповикуваат обврските кои се наметнати со Решение бр. 03-5506/1 од 28.10.2010 година.

Со оглед на сето ова погоре наведено, а врз основа на членот 24 став (1) алинеја 5, а во врска со членовите 79, 80, 81 и членот 82 ставови (3) и (4) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Северна Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и 98/2019), директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднесе тужба до Управниот суд на РСМ во рок од 30 дена од денот на приемот на истата.

Советник во Одделение за анализа на пазарите
Александар Коцевски

Раководител на Одделение за анализа на пазарите
Марјан Пејовски

Раководител на сектор Регулатива
Кристина Божиновска

Советник на директорот (врз основа на овластување) за Регулатива
Синиша Апостолоски

**Директор**
**Сашо Димитријоски**

Наш број 1302-244/9
Скопје, 31. 05. 2019